# XXIII

# ИНТЕРНАЦИОНАЛНА КИЧЕВСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА



# 23 Интернационална кичевска ликовна колонија

Драги колеги уметници од разни страни на светот, гости, љубители на уметноста, добредојдовте на Кичевската ликовна колонија, на височина од 1000 метри над морето, каде што е свиено едно уметничко гнездо во кое долетуваат уметници од целиот свет. Тоа гнездо е познато под името Куќа на уметноста во село Кнежино. Кнежино е како оаза на ретки егзотични птици-гурбетчии кои слетуваат тука, творат, ги оставаат своите дела како свои чеда. Во прекрасниот природен амбиент, далеку од вревата и тешките македонски горештини, во креативна творечка и релаксирана атмосфера, веќе 23 години работи Меѓународната кичевска ликовна колонија. Досега 600 учесници од петте континенти на светот, работејќи во овој простор создале околу 1200 дела во различни техники, импозантна бројка за една уметничка колекција среде планината Бистра.

Оваа колонија ке работи од денеска до 16 Јули. Тука сте собрани 25 уметници од 15 земји: Албанија, Англија, Бугарија, Германија, Индија, Ирак, Казахстан, Кипар, Косово, Србија, Турција, Хрватска, Црна Гора и Македонија. Доаѓате од разни делови на светот од разни култури кои се соединуваат во заедничкиот именител-ТВОРЕШТВО.

Ова гнездо во коешто ќе живеете, работите и ќе се дружите во наредниве две недели, го имаат свиено Наташа Толеска Димитровска, претседателка на колонијата, Горан Донески, менаџер, а Колонијата се развива благодарение на безрезервната поддршка на АД. Тајмиште. Живоста на оваа колонија се одржува благодарејќи на претседателот на управниот одбор господинот Владо Толески којшто е главен двигател и како што ќе видите, инспиративен соговорник на уметниците.

Би сакал да споменам неколку имиња што веќе станаа брендови на оваа колонија со својот долгогодишен придонес во нејзината работа. Пред се постојаните неуморни учесници Јашар Чали од Турција и Феридун Ишиман од Северен Кипар, којшто дава и музички придонес и ја обединува колонијата преку неговите пејачки настапи. Павел и Весела вајарите од Бугарија кои го облагодаруваат просторот околу Куќата на уметноста со своите дела што се проткаени со природата и се разбира, нашите уметници академик Васко Ташковски, како и колегата Жарко Јакимовски кои со своето славно и проверено искуство го одржуваат високиот квалитет на Колонијата. Важно е да се истакне дека учесници во оваа колонија се и многу млади уметници кои внесуваат нова живост. И пожелувам на колонијата уште долго да опстојува со истиот жар, ентузијазам и високи естетски квалитети.

На сите ви пожелувам плодотворна работа, убава атмосфера и дружење во текот на вашиот престој тука.

Ја прогласувам колонијата за отворена и можете веднаш да почнете со работа. Како што со радост и слава почнуваме, така и да завршиме.

Академик Газанфер Бајрам
02 Јули 2016 с. Кнежино

) е свиено
ќа на умет-
и оставаат
ештини, во
ија. Досега
ехники, им-

а, Бугарија,
е од разни

ша Толеска
безрезерв-
ниот одбор
ците.
ридонес во
ерен Кипар,
вајарите од
родата и се
и провере-
олонија се и
иот жар, ен-

# 23 International art colony

Dear colleagues, artists from all around the world, and everyone who adores art,

welcome to the International Art Colony Kichevo, 1000m above sea level, in the art nest where artist come from all around the world. That nest is called House of Art, situated in the village Knezhino. Knezhino represents an oasis of rare exotic birds - that flew here, create and leave their works as their children. In this wonderful natural surrounding, far away from the urban noise and high temperatures in Macedonia, in creative and relaxed atmosphere, International Art Colony Kichevo lasts 23 years. So far, 500 artists from all 5 continents worked in this House and created more than 1200 art works in different techniques, imposing number for an art collection in the middle of of the mountain bistra.

This Colony, this year is held in the period of July 2- July 16. Artists from 15 countries: Albania, Bulgaria, Germany, India, Iraq, Kazahstan, Cyprus, Kosovo, Serbia, Turkey, Croatia and Macedonia come from different parts of the world, with different cultures and fuse here for their work.

This nest in which they, live and create in the period of 2 weeks was created by Natasha Toleska Dimitrovska, the president of the Colony, Goran Doneski, menager but the biggest role for this Colony has Mr. Vladimir Toleski, President of the Board of Directors of AD Tajmiste, which idea and realisation lasts 23 years, an inspiring.

I will mention some of the artists who became already a brand name of the Colony, because of their longterm work on this Colony. Jasar Calli from Turkey, Feridun Isiman from Northern Cuprys who has a musical part on this Colony, as well. Pavel and Vesela, sculptors from Bulgaria - their art works, sculptures, have made the enviroment of the House of Art more beautiful. And, of course, Academician Vasko Tashkovski, as well as Zharko Jakimovski - with heir famous and well known experience, maintain the high quality of this Colony. I wish that this Colony will maintain its work with the same sparcle, enthusiasm and high esthetic qualities.

I wish everyone nice work, great atmosphere and amazing moments together during the stay on this Colony.

I declare this Colony open. As we will start the Colony with joy and glory, we will finnish it with joy and glory, as well.



| УЧЕСНИЦИ | | PARTICIPANTS |
|---|---|---|
| Жарко Јакимовски - Македонија | 1. | Zarko Jakimovski - Macedonia |
| Хусеин Јилдирим - Турција | 2. | Huseyn Yildirim - Turkey |
| Јована Савиќ - Србија | 3. | Jovana Savić - Serbia |
| Георги Чулаковски-Ѓото - Македонија | 4. | Gjorgi Culakovski - Gjoto - Macedonia |
| Весела Стаменова - Бугарија | 5. | Vesela Stamenova - Bulgaria |
| Павел Василев - Бугарија | 6. | Pavel Vasilev - Bulgaria |
| Андреј Миневски - Македонија | 7. | Andrej Minevski - Macedonia |
| Никола Ненадиќ - Хрватска | 8. | Nikola Nenadić - Croatia |
| Слободан Милошески - Македонија | 9. | Slobodan Milosheski - Macedonia |
| Саимир Страти - Албанија | 10. | Saimir Strati - Albania |
| Јордан Ефремов Јошко - Македонија | 11. | Jordan Efremov Joshko - Macedonia |
| Мухарем Радетинац Раф - Германија | 12. | Muharem Radetinac Raff - Germany |
| Гоце Симоновски - Македонија | 13. | Goce Simonovski - Macedonia |
| Феридун Исиман - Северен Кипар | 14. | Feridun Isiman - Northern Cyprus |
| Акмарал Жиенгалијева - Казахстан | 15. | Akmaral Zhiyengaliyeva - Kazakhstan |
| Марат Бекејев - Казахстан | 16. | Marat Bekeyev - Kazahstan |
| Тони Чатлески - Македонија | 17. | Toni Chatleski - Macedonia |
| Арјета Мифтари - Косово | 18. | Arjeta Miftari - Kosovo |
| Мадан Лал - Индија | 19. | Madan Lal - India |
| Јана Јакимовска - Македонија | 20. | Jana Jakimovska - Macedonia |



- **Биокинтичка божица-Нимфа (100x100) масло на платно**
- **Biocinetic Goddess-Nymph (100x100) oil on canvas**
- Меморија за постанокот-9 (80x80) масло на платно
- Memory origin-9 (80x80) oil on canvas
- Меморија за постанокот-10 (Биокинетички лебеди) (80x80) масло на платно
- Memo origin-10 (Biocinetic swans) (80x80) oil on canvas
- Меморија за постанокот -11 (Биокинетички грации) (80x80) масло на платно
- Memo origin -11 (Biocinetic Graces) (80x80) oil on canvas



**Јордан Ефремов Јошко** - Македонија



## СОВЕТ
### НА 23 ИНТЕРНАЦИОНАЛНА КИЧЕВСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА 2016

Наташа Толеска Димитровска - Претседател
Михаил Ренџов - член
Владимир Толески - член
Горан Донески - член
Жарко Јакимовски - член
Орданчо Петров - член
Газанфер Бајрам - член

## COUNCIL
### OF THE 23 INTERNATIONAL ART COLONY KICHEVO 2016

Natasa Toleska Dimitrovska - President
Mihail Rendzov - member
Vladimir Toleski - member
Goran Doneski - member
Zarko Jakimovski - member
Ordanco Petrov - member
Gazanfer Bajram - member

**Генерален спонзор**
А.Д. Тајмиште - Кичево

**Спонзор:**
Министерство за култура на Р. Македонија



**Изавач:**
А.Д. Тајмиште - Кичево

**За издавачот:**
Владимир Толески

**Дизајн и печат:**